**ЗАКОН ЗА БИБЛИОТЕКИТЕ**
**Консолидиран - неофицијален пречистен текст**
(„Службен весник на Република Македонија“, бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/2011, 88/15, 152/15 и 39/16)

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Предмет на уредување**

Член 1

Со овој закон се уредуваат вршењето на дејноста на библиотеките, работењето на библиотеките, основањето, видовите библиотеки, организацијата, координацијата, стручните звања, надзорот и други прашања што се од значење за вршење на дејноста на библиотеките во Република Македонија.

**Библиотечен материјал**

Член 2

(1) Библиотечен материјал се текстуални, графички, сликовни, звучни, електронски или друг вид на публикации наменети за јавноста, кои библиотеката ги собира, обработува, чува, дава на користење или обезбедува пристап за корисниците до нив.
(2) Библиотечниот материјал што е утврден како библиотечно добро согласно Законот за заштита на културното наследство и реткиот библиотечен материјал кој согласно акт за заштита е прогласен за културно наследство, е под посебен правен режим на заштита како културно наследство согласно Законот за заштита на културното наследство.
(3) Библиотечниот материјал и библиотечното добро го сочинуваат библиотечниот фонд на библиотеката.

II. ВИДОВИ БИБЛИОТЕКИ, ОСНОВАЊЕ И ПРЕСТАНОК СО РАБОТА

**Библиотека**

Член 3

(1) Библиотеката е непрофитна установа од областа на културата, која во согласност со стручните начела одржува библиотечни фондови, извори на информации и обезбедува пристап и користење на истите, обезбедува услуги на меѓубиблиотечно позајмување, како и услуги на странски извори на информации.
(2) Библиотеката во смисла на овој закон врши набавување, чување, истражување, собирање, средување, стручно и научно обработување, проучување и давање на користење библиотечен материјал, како и прибирање, обработка и презентирање на информации и податоци за библиотечниот материјал (во натамошниот текст: библиотечна дејност).
(3) Библиотеката е отворена за јавноста и преку користењето на библиотечниот материјал го шири образованието и трајно ги задоволува културните и другите потреби на пошироката јавност, придонесува за унапредување на стручната и научно-истражувачката работа и за развојот на образованието, културата, науката и другите дејности, како и развива интерактивна комуникација со корисниците заради користење и популаризација на публикациите и другиот информативен материјал.

Член 4

(1) Библиотечната дејност е дејност од јавен интерес.
(2) Библиотечната дејност според одредбите на овој закон ја вршат библиотеките.
(3) Библиотечна дејност можат да вршат и други правни лица, доколку се регистрирани за вршење на библиотечната дејност и истата ја вршат во посебно организиран дел, под услови

утврдени со овој и друг закон, како библиотека во состав.

**Примена на други прописи**

Член 5

(1) На основањето, работата и престанокот на библиотеките, раководењето, управувањето, одлучувањето, финансирањето и управниот надзор се применуваат одредбите на Законот за културата, доколку со овој и друг закон поинаку не е определено.

(2) Заштитата на библиотечното добро се врши согласно со овој закон и Законот за заштита на културното наследство.

**Видови библиотеки според основачот**

Член 6

(1) Библиотеките според основачот можат да бидат јавни (национални и локални) и приватни установи.

(2) Библиотека како национална установа основа Владата на Република Македонија, а библиотека како локална установа може да основаат општините, Градот Скопје и општините во Градот Скопје.

(3) Приватна библиотека може да основа домашно и странско правно и физичко лице, под услови и на начин утврдени со овој и друг закон.

(4) Општините обезбедуваат библиотечни услуги за своите жители:

- преку основање локална библиотека, самостојно или во меѓуопштинска соработка со друга општина или
- преку вршење библиотечни услуги од страна на друга јавна библиотека во согласност со нејзиниот основач.

(5) Библиотеките во својот состав можат да имаат и организациони единици што се наоѓаат надвор од седиштето на библиотеката. Библиотеките својата дејност можат да ја вршат и вон од своето седиште или деловни простории преку подвижни библиотеки.

**Видови библиотеки според намена**

Член 7

(1) Библиотеките според намената се делат на:

- национална библиотека;
- јавни библиотеки;
- училишни библиотеки;
- високошколски и универзитетски библиотеки и
- специјализирани библиотеки

(2) Заради развој на библиотечната дејност, културата, науката и образованието, како и за задоволување на информациските потреби на библиотечната дејност во Република Македонија, државата основа национална библиотека на Република Македонија.

(3) Јавни библиотеки се библиотеки чија дејност е наменета за задоволување на општообразовните, културните и другите потреби на граѓаните на подрачјето за кое се основани.

(4) Училишни библиотеки се библиотеки чија дејност е наменета за унапредување на образовно-воспитниот процес во училиштата и задоволување на образовните потреби на учениците и наставниот кадар.

(5) Високошколски и универзитетски библиотеки се библиотеки чија дејност е наменета за поддршка и унапредување на образовната, истражувачката и научната работа на студентите, наставниците, професорите и истражувачите во високообразовните установи.

(6) Специјализирани библиотеки се библиотеки чија дејност е наменета за задоволување на потребите за стручна и научно-истражувачка работа во одделни научни или стручни подрачја и е ограничена за одредена корисничка група, зависно од целната група корисници.

(7) Видот на библиотеката, во зависност од намената се утврдува со актот за нејзино основање.

**Посебни услови за почеток со работа на библиотеката**

Член 8

(1) Библиотеката, согласно со закон може да почне со работа ако ги исполнува следниве посебни услови:

1) да се обезбедени основни средства за почеток со работа;

2) да се обезбедени финансиски средства за одржливо вршење на дејноста;

3) да постои елаборат за основање на библиотеката;

4) да се обезбедени соодветни простории и опрема за чување и користење на библиотечниот фонд;

5) да е обезбеден библиотечен материјал и

6) да има вработено соодветен стручен кадар.

(2) Основачот на библиотеката доставува барање за почеток со работа на библиотека до органот на државната управа надлежен за работите од областа на културата , со потребната документација од ставот (1) на овој член.

(3) За исполнувањето на условите од ставот (1) на овој член, министерот во рок од 30 дена од денот на доставување на барањето од ставот (2) на овој член, а по претходно мислење од матичната библиотека донесува решение.

(4) Стандардите за одредување на видовите на библиотеките, за нивната работа, за сместување и чување на библиотечниот материјал и библиотечната документација, ги пропишува министерот.

**Процена на работата на библиотеката**

Член 9

Органот на државната управа надлежен за работите од областа на културата (во натамошниот текст: Министерството), на секои пет години од денот на добивањето на решението за исполнување на условите за работа на библиотеката, задолжително врши процена на исполнувањето на условите за работа на библиотеката.

**Престанок со работа на библиотеката**

Член 10

(1) Библиотеката може да престане со работа, ако не ги исполнува посебните услови за почеток со работа.

(2) Основачот одлучува за престанок на библиотеката, доколку библиотеката не ја врши дејноста или престане интересот за чие остварување е основана.

(3) Во случај на престанок со работа на јавна библиотека, одлуката за престанок на библиотеката мора да содржи и одредби за заштита и сместување на библиотечниот материјал и библиотечната документација во друга соодветна јавна библиотека.

(4) Доколку Министерството при процената за исполнување на условите за работа од членот 9 на овој закон, утврди дека библиотеката не ги исполнува условите од членот 8 на овој закон, министерот по претходно прибавено мислење од матичната библиотека, донесува решение со кое престанува да важи решението за исполнување на условите за отпочнување со работа на библиотеката.

(5) Пред донесувањето на решението од ставот (4) на овој член, министерот со решение определува рок во кој библиотеката треба да ги исполни условите од членот 8 на овој закон.

(6) Против решението од ставовите (4) и (5) на овој член во рок од 15 дена од денот на приемот на решението може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

## III ОСНОВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ, УПРАВУВАЊЕ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИ И ПРИВАТНИ БИБЛИОТЕКИ

**Основање на локални библиотеки**

Член 11

(1) Советот на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, донесува одлука за основање на локална библиотека, според услови и стандарди утврдени со овој закон.

(2) Локалната библиотека има статут, со кој се уредува работата и организацијата на библиотеката, името, седиштето, предметот на работа и други прашања што се од значење за работата на библиотеката утврдени со овој или со друг закон.

(3) Советот на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје дава согласност на статутот.

**Раководење со локални библиотеки**

Член 12

(1) Орган на раководење на локалната библиотека е директорот.

(2) Градоначалникот го избира и разрешува директорот на библиотеката.

(3) Директорот на библиотеката се избира по пат на јавен конкурс што се објавува преку средствата за јавно информирање, најдоцна три месеца пред истекот на мандатот на претходниот директор. Конкурсот го распишува градоначалникот.

(4) Кандидатите ги доставуваат потребните документи согласно со конкурсот до управниот одбор на библиотеката. Кандидатите за директор задолжително доставуваат свој предлог на програма за развој на установата.

(5) Пристигнатите документи ги разгледува трочлена комисија формирана од Управниот одбор на библиотеката. Комисијата е должна во рок од пет дена од завршување на конкурсот да ги разгледа доставените документи.

(6) Комисијата доставува предлог на кандидати до градоначалникот.

(7) Градоначалникот, во рок од 15 дена од денот на добивањето на предлогот врши избор на директор.

(8) Директорот се избира со мандат од четири години.

(9) Кандидатите кои не се избрани, во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката на градоначалникот, имаат право на жалба во однос на спроведувањето на постапката за избор на директор до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(10) Против одлуката на комисијата од ставот (9) на овој член, кандидатот има право на тужба до надлежниот основен суд.

(11) Посебните услови за избор на директор и постапката се уредуваат со статутот на библиотеката.

(12) Во случај кога не е избран директор на библиотеката или предвреме му престанал мандатот, градоначалникот веднаш именува вршител на должноста директор, без конкурс, од редот на вработените. Вршителот на должноста директор се именува за време до изборот на директор на библиотеката, а најдолго за шест месеци.

(13) Вршителот на должноста директор ги има сите права и обврски на директор на библиотеката.

**Управување со локална библиотека**

Член 13

(1) Орган на управување на локалната библиотека е управниот одбор.

(2) Управниот одбор го сочинуваат пет претставници кои ги именува советот на општините, на

градот Скопје и на општините во градот Скопје од кои тројца се претставници од редот на истакнати поединци од областа на културата и двајца претставници од редот на вработените во библиотеката, стручни и компетентни лица.
(3) Управниот одбор на библиотеката го донесува статутот на библиотеката, ги утврдува политиката и принципите за развој на библиотеката, ја предлага годишната програма за работа на библиотеката, финансискиот план и годишната сметка на библиотеката и врши други работи утврдени со актот за основање и статутот.
(4) Другите прашања поврзани со работата на управниот одбор се регулираат со статутот на библиотеката.

**Финансирање на локалните библиотеки**

Член 14

(1) Средствата за финансирање на дејноста на локалните библиотеки се обезбедуваат на начин и постапка утврдени со закон.
(2) Библиотеката до советот на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, доставува на усвојување годишна програма за работа, извештај за работа и финансиски план.

**Основање на приватни библиотеки**

Член 15

(1) Приватна библиотека основа домашно и странско правно и физичко лице под услови утврдени со овој и друг закон.
(2) Библиотечниот фонд на приватната библиотека може да го сочинува само библиотечниот материјал.

(3) Библиотечниот фонд на приватната библиотека добива статус на заштитено добро, доколку во постапка утврдена со Законот за заштита на културното наследство за истата се донесе соодветен акт за заштита.

(4) Во случаите утврдени во ставот (3) на овој член, на работата на приватните библиотеки се применуваат одредбите што важат за имателите на заштитени добра, согласно со Законот за заштита на културното наследство.

## IV РАБОТЕЊЕ НА БИБЛИОТЕКИТЕ

**Работење на библиотеките**

Член 16

(1) Библиотеките ги вршат особено следниве работи:

1. набавуваат, истражуваат, собираат, стручно обработуваат и проучуваат, заштитуваат, чуваат, објавуваат, информираат, презентираат и даваат на користење библиотечен материјал;

2. го промовираат и афирмираат библиотечниот фонд на Република Македонија, преку изложби, предавања, литературни читања, семинари и курсеви, прикажување на филмови и други форми на дејствување;
3. обезбедуваат услови за користење и за научно и стручно проучување на библиотечниот фонд;

4. издаваат стручни публикации, каталози, водичи и друг информативен материјал;

5. водат влезна евиденција, инвентарна книга, основен каталог и друг вид евиденција и документација;

6. одржуваат библиотечни картотеки, каталози и бази на податоци;
7. вршат стручна обработка и чување на родокрајниот библиотечен материјал од локално значење;

8. вршат библиографско-информациска и документациска дејност;

9. вршат позајмување и размена на библиотечен материјал со други библиотеки и сродни установи;
10. учествуваат во библиотечно-информацискиот систем и одржувањето на библиографската база на податоци;
11. вршат дигитализација на библиотечниот материјал;
12. учествуваат во одржувањето на националната заемна библиографска база на централните каталози и бази на податоци и

13. вршат и други работи во областа на библиотечната дејност, согласно со закон.

(2) Библиотеките можат да вршат продажба на библиотечен материјал-публикации, кои со одлука на Владата на Република Македонија им се дадени на користење. Одлука за продажба донесува управниот одбор на библиотеката по претходна согласност на Владата на Република Македонија.

(3) Во одлуката за продажба од став (2) на овој член, се содржани публикациите кои се предмет на продажба, цената по која ќе се врши нивната продажба и бројот на примероци за продажба.

(4) Библиотечен материјал-публикациите од став (2) на овој член не може да се продава по цена пониска од цената по која бил набавен согласно актот за набавка во соодветната постапка.

**(5)** Работите од ставовите (1) и (2) на овој член, библиотеките ги вршат за подрачјето на кое се основани.

**Национална библиотека**

Член 17

(1) Заради развој на библиотечната дејност, културата, науката и образованието, како и за задоволување на информациските потреби во Република Македонија, „Националната установа “Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”-Скопје” се определува како национална библиотека на Република Македонија (во натамошниот текст: Националната библиотека).

(2) Заради унапредување и координација на работата на библиотеките на територијата на Република Македонија со овој и со Законот за заштита на културното наследство Националната библиотека се определува како матична библиотека.

**Работење на матичната библиотека**

Член 18

Националната библиотека како матична библиотека, покрај работите од членот 16 на овој закон, ги врши и следниве работи:
1.ја проучува состојбата и условите за развој на библиотечната мрежа, организацијата и унапредувањето на библиотечната дејност и дава стручни мислења и предлози;
2.ја координира работата на библиотеките во Република Македонија;

3.собира, обработува, чува и овозможува пристап до библиотечниот материјал кој се однесува на Македонија напишан на македонски јазик или е од автори од Република Македонија, објавен каде било во светот;
4.им укажува потребна стручна помош на библиотеките во Република Македонија;
5. дава иницијативи за донесување на прописи и мерки за унапредување на библиотечната дејност и стручно усовршување на библиотечен кадар и донесува акти од својата надлежност;

6. изработува и објавува тековна библиографија на Република Македонија, библиографија „Македоника“, како и разни видови ретроспективни и специјални библиографии;

7. подготвува упатства за стручна обработка и чување на родокрајниот библиотечен материјал од национално значење;

8. врши континуирано образование на библиотекарите во Република Македонија;
9. организира соработка меѓу библиотеките, особено во набавувањето, стручната обработка, позајмувањето и размената на библиотечниот материјал;

10. учествува во постапки за реституција на библиотечните добра што ги води Република Македонија;
11. дава мислење за исполнување на условите за отпочнување, односно престанок со работа на библиотеката од членовите 8 и 10 на овој закон;
12. го утврдува постоењето на услови за посебна заштита на странски библиотечен материјал, кога за негово изложување како експонат се дава осигурување;

13. изработува и издава CIP- запис, издава меѓународни стандардни броеви за публикации ISBN, ISSN и ISMN, а за издавање на меѓународните стандардни броеви ISRC, ISAN, ISWC, DOI, HANDLE.NET, ги упатува издавачите до меѓународните центри кои се надлежни за нивното издавање;
14. врши функција на Центар на библиотечно-информацискиот систем во Република Македонија, го организира и координира поврзувањето и работењето на библиотеките во библиотечно-информацискиот систем и активностите во системот на заемна каталогизација;
15. предлага донесување на прописи за техничко-заштитните мерки за чување и одржување на библиотечниот материјал;
16. води централни каталози на библиотечниот материјал;

17. прибира, чува и обработува текстови на докторски дисертации и магистерски трудови и врши размена на трудови со странство како национален реферален центар;
18. посредува во размената и позајмувањето на библиотечниот материјал меѓу библиотеките во Република Македонија и странските библиотеки;
19. собира, обработува и посредува статистички и други податоци за работата на библиотеките;
20. утврдува критериуми за отпишување на библиотечниот материјал;
21. врши стручна и научно-истражувачка работа од областа на библиотекарството и информациските науки, заштитата и други сродни науки;
22. води информациски систем на научно-истражувачката дејност во Република Македонија;
23. вклучува списанија од Република Македонија во странски информациски сервиси и индексатори на списанија со слободен пристап;
24. ја претставува Република Македонија во меѓународните библиотечни асоцијации на национални библиотеки и воспоставува соработка со нив;
25. организира, координира и врши дигитализација на библиотечни материјали и библиотечни добра според меѓународни и национални стандарди, критериуми и технологија и
26. врши и други работи утврдени со овој и друг закон.

## V ДЕЈНОСТ НА БИБЛИОТЕКИТЕ

### Прибавување на библиотечен фонд

Член 19

(1) Библиотеките, библиотечниот фонд го прибавуваат со купување, размена, подароци, завештанија, преку задолжителниот примерок што определени библиотеки го добиваат согласно со закон, како и преку отстапување и преземање од други правни и физички лица.

(2) Издавачките организации и книжарниците се должни библиотечниот материјал и другите публикации што ги расходуваат претходно да ги понудат за продажба на библиотеката на подрачјето на единицата на локалната самоуправа, каде што тие имаат седиште или деловни простории, по цена и други услови под кои се продава на лицата за откуп и преработка на хартија или други материјали.

(3) Библиотеката од ставот (2) на овој член е должна во рок од 30 дена да го извести понудувачот дали ја прифаќа понудата од ставот (2) на овој член. По истекот на рокот, понудата може да ја прифати друга библиотека во ист рок и под исти услови.

**Чување на библиотечен фонд**

Член 20

Заради трајно зачувување и користење на библиотечнот фонд, библиотеките се должни да го чуваат во услови и со примена на современи технички средства, што обезбедуваат негова целосна и ефикасна заштита.

**Евиденција и документација на библиотечнот фонд**

Член 21

(1) Библиотеките се должни да водат евиденција на библиотечниот фонд и библиотечната документација.

(2) Евиденцијата на библиотечниот фонд содржи влезна евиденција, инвентарна книга, основен каталог на библиотечниот фонд и друг вид евиденција, која се води согласно Законот за општата управна постапка.

(3) Локалните библиотеки во единиците на локалната самоуправа на чие подрачје се основани и во кои покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, е службен јазикот и писмото што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, влезната евиденција и основниот каталог на библиотечниот фонд ги водат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија на подрачјето на таа единица на локалната самоуправа.

(4)Библиотечната документација содржи податоци за библиотечните добра и библиотечните материјали кои се потребни за нивната стручна обработка, идентификација, начинот и состојбата во која се прибавени, настанатите промени, процесите на обработка и друго.

(5)Министерот ги пропишува формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата на библиотечниот фонд и библиотечната документација од ставовите (2) и (4) на овој член.

**Ревизија на библиотечниот фонд**

Член 22

(1) Библиотеките се должни да вршат ревизија на библиотечниот фонд.

(2) Со ревизијата се утврдува состојбата на библиотечниот фонд и потребата за преземање на соодветни мерки за негова ефикасна заштита.

(3) Ревизијата на библиотечниот фонд се врши најмалку на секои пет години, а за матичната библиотека најмалку на секои десет години.

(4) Библиотеките можат да го ограничат користењето на оштетениот библиотечен фонд заради негово трајно зачувување.

**Отпишување на библиотечен фонд**

Член 23

(1) Библиотечните добра во јавните библиотеки можат да се отпишат од инвентарната книга врз основа на акт за престанок на заштитата, на начин и постапка пропишани со Законот за заштита на културното наследство.

(2) Отпишување на библиотечниот материјал и библиотечната документација се врши со решение што го донесува директорот на библиотеката, по претходно добиена

согласност од стручна комисија, именувана од управниот одбор на библиотеката, според единствени критериуми.
(3) Критериумите од ставот (2) на овој член ги утврдува матичната библиотека.

**Задолжителен примерок**

Член 24

Доставувањето, заштитата, чувањето и користењето на задолжителниот примерок на публикациите се врши во постапка утврдена со закон.

**Научно-образовна и друга дејност на библиотеката**

Член 25

(1) При вршењето на своите основни дејности, како и дејностите поврзани со нив, библиотеките вршат работи од интерес за науката и образованието.
(2) Библиотеките шират сознанија за вредностите и значењето на културните и научните вредности на библиотечните добра.
(3) Библиотеките подготвуваат и реализираат интерактивни образовни програми, приоритетно насочени кон децата, учениците и студентите, како и лицата со посебни потреби и старите лица.

(4) Библиотеките се должни на посетителите да им овозможат користење на библиотечниот материјал, како и јасна презентација на изложените библиотечни материјали, преку истакнување на натписи, ознаки, издавање на водичи и слично.
(5) Библиотеките можат да вршат и други дејности, што се во функција на подобра посетеност и комерцијална презентација и на маркетинг на библиотечните услуги, како што е отворање на кафетерии, книжарници, продажба на информативен материјал и слично под услови утврдени со закон.

**Презентација на библиотечниот фонд**

Член 26

(1) Библиотеките вршат презентација на библиотечниот фонд преку организирање на постојани и повремени изложби, како и преку обезбедување на дополнителни информации за нивната дејност.
(2) Презентациите се организираат врз основа на научни принципи и на начин кој овозможува осознавање на културната и научната вредност на изложениот библиотечен фонд.
(3) Презентирањето на библиотечниот фонд се врши под услови и на начин со кој се гарантира целосна безбедност на изложениот библиотечен фонд.

**Работно време на библиотеките**

Член 27

(1) Работното време на библиотеките треба да биде организирано на начин што овозможува користење на сите целни групи на корисници.
(2) Библиотеките се должни јавно да ги објават деновите и часовите за работа.
(3) Децата, учениците и студентите, како и лицата со посебни потреби плаќаат намалени цени на услугите или се ослободени од нивно плаќање.
(4) Прашањата од ставовите (2) и (3) на овој член, поблиску се уредуваат со статутот на библиотеката.

**Изработување на примероци на библиотечни материјали**

Член 28

Библиотечните материјали можат да бидат репродуцирани во библиотечни примероци со некомерцијална цел, согласно со прописите за авторското право и сродните права.

**Копија на библиотечно добро**

Член 29

(1) Копија на библиотечно добро се изработува заради негово зачувување во случаи:

1. кога тоа е потребно од безбедносни причини;
2. кога не постојат соодветни услови за негово чување;
3. кога библиотечното добро е дадено на времено користење на друга библиотека или друга сродна јавна установа и
4. кога постои неопходна потреба за негово изложување во друга библиотека.

(2) За едно библиотечно добро не може да се изработат повеќе од три копии. За секоја копија на библиотечното добро, библиотеката издава сертификат.

(3) Во библиотеките се води регистар на копии на библиотечни добра.

(4) Содржината и начинот на водење на регистарот на библиотечните копии од ставот (3) на овој член и образецот на сертификатот од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот.

**Користење на библиотечно добро за комерцијални цели**

Член 30

Производството на стоки, етикети и дизајнерски решенија во кои се содржани фотографии или графички приказ на библиотечното добро, по претходно добиена дозвола од носителите на авторското право и сродните права, се врши согласно со Законот за заштита на културното наследство.

**Осигурување на библиотечните фондови**

Член 31

Библиотечните фондови на јавните библиотеки, библиотечната документација и просторот во кој е сместена библиотеката, задолжително се осигуруваат кај осигурително друштво со средства што ги обезбедува основачот.

## VI ПРАВА И ОБВРСКИ НА КОРИСНИЦИТЕ

**Права на корисниците**

Член 32

(1) Корисниците на библиотеките имаат право на основните библиотечни услуги за користење на библиотечните фондови, користење на информации за фондот и упатства за користење на извори на информации.

(2) Правата на корисниците поблиску се регулираат со посебните акти на библиотеките.

**Прибирање и заштита на лични податоци на корисниците**

Член 33

Во функција на својата дејност, а во согласност со прописите за заштита на личните податоци, библиотеките истите ги земаат од своите корисници и се обврзани да ги користат само за намена за која се земени.

**Обврски на корисниците**

Член 34

(1) Корисниците на библиотечните услуги имаат обврска да ги почитуваат правилата за користење на библиотечните услуги во согласност со овој закон, друг закон, општ акт како и друг акт на библиотеките.

(2) Библиотеките се обврзани на корисниците, правилата за нивните права и обврски да им ги соопштат на соодветен и транспарентен начин.

## VII ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ЕКСПОНАТИ И ИЗЛОЖБИ ОД СТРАНСТВО

**Осигурување**

Член 35

Осигурување во смисла на овој закон е гаранција на Република Македонија за надомест од штета на експонати и изложби од странство, договорени односно организирани на територијата на Република Македонија, од страна на јавните библиотеки.

**Услови за давање на осигурување**

Член 36

(1) Осигурување во смисла на членот 35 на овој закон може да се даде за:

1. експонати, односно изложби од странство што имаат посебна културна, уметничка, научна и историска вредност, доколку нивното презентирање е условено со претходно обезбедување со осигурување и

2. експонати, односно изложби за кои трошоците на осигурување кај осигурителното друштво се исклучително високи поради декларираната вредност на експонатите, а сопственикот е согласен да прифати ваков начин на осигурување.

(2)Осигурување не може да се даде за експонати и изложби преземени, односно организирани со комерцијални цели.

**Одлука за давање осигурување**

Член 37

(1)Одлука за давање на осигурување во смисла на членот 36 на овој закон, донесува Владата на Република Македонија, по предлог на Министерството.

(2) Одлуката од ставот (1) на овој член може да се донесе, доколку јавната библиотека – организатор на изложбата обезбеди посебни услови за заштита на експонатите, како што се особено:

1. непрекината физичка заштита на експонатите од моментот на преземањето до моментот на нивното предавање;

2. одржување на климатски и други услови според видот на експонатот и

3. обезбедување на објектите и просториите од сите видови ризици што можат да ја загрозат безбедноста на експонатите.

(3) Обезбедувањето на условите од ставот (2) на овој член го утврдува матичната библиотека.

## VIII НАЦИОНАЛЕН БИБЛИОТЕЧНО-ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМ

**Единственост на библиотечно-информацискиот систем**

Член 38

(1) Библиотеките во Република Македонија се поврзуваат во единствен национален библиотечно-информациски систем на заемна каталогизација (во натамошниот текст: библиотечно-информациски систем), кој се поврзува и соработува со други библиотечно-информациски системи во странство.

(2) Преку библиотечно-информацискиот систем се обезбедува усогласено, стандардизирано и економично библиотечно работење, рационално користење на библиотечниот материјал и задоволување на потребите од информации.

(3) Библиотечно-информацискиот систем го сочинуваат Центарот на библиотечно-информацискиот систем на Националната библиотека и сите библиотеки во Република Македонија.

**Поврзување со системот на научни информации**

Член 39

Библиотеките, преку соработка со информациско-документаристичките служби и информатичките центри на научно-истражувачките установи се поврзуваат со системот на научните информации.

**Услови за функционирање на библиотечно-информацискиот систем**

Член 40

Финкционирањето на библиотечно-информацискиот систем се обезбедува преку:

1. стандардизирана стручна обработка на библиотечниот материјал и воедначено водење на каталозите;
2. соодветна стручна оспособеност за работење во библиотечно-информацискиот систем и
3. соодветна телекомуникациска и компјутерска опрема потребна за поврзување на библиотеките.

**Центар на библиотечено-информацискиот систем**

Член 40-а

Центарот на библиотечно-информацискиот систем, кој е организациска единица на Националната библиотека ги врши следните работи:

1. го координира работењето и развојот на библиотечно-информацискиот систем и неговите сервиси;
2. ја планира, инсталира и одржува компјутерската, комуникациската и програмската опрема за работење на библиотечно-информацискиот систем;
3. организира и континуирано врши стручно усовршување на библиотекарите за работење во библитечно-информацискиот систем,
4. врши проверка на оспособеноста на библиотекарите за работење во системот на заемна каталогизација;
5. врши контрола на квалитетот и редакција на библиографските записи во заемната библиографска база на податоци;
6. дава стручна помош на библиотеките во тековната работа и
7. врши работи од областа на истражувањето и развојот.

**Права и обврски на субјектите на библиотечно-информацискиот систем**

Член 41

Правата и обврските на субјектите на библиотечно-информацискиот систем поблиску се регулираат договорно.

## IX НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА БИБЛИОТЕКАРСТВО
Избришан

**Национален совет за библиотекарството**
Член 42
Избришан

**Надлежност на Советот**
Член 43
Избришан

**Административно-технички работи**
Член 44
Избришан

## X СТРУЧНИ ЗВАЊА

**Вршење на стручни работи во библиотеките**
Член 45
Во библиотеките стручните работи ги вршат работници со изборни стручни звања, со неизборни стручни звања и работници со други стручни и научни звања.

**Изборни стручни звања**
Член 46
Стручните работи во библитеките ги вршат работници со изборни звања виш библиотекар и библиотекар советник.

**Посебни услови за избор и реизбор во изборни стручни звања**
Член 47
(1) Во изборното стручно звање виш библиотекар може да биде избрано лице кое има:
- најмалку пет години работно искуство како библиотекар или најмалку три години работно искуство како библиотекар и завршено магистерски, односно докторски студии од соодветната област и
- положено стручен испит за виш библиотекар.

(2) Во изборното стручно звање библиотекар-советник може да биде избрано лице кое има:
- пет години работно искуство како виш библиотекар и
- стручен придонес во библиотечната дејност кои може да се изрази со најмалку 250 бодови во согласност со актот од член 49-а од овој закон.

(3) Лицата од ставовите (1) и (2) на овој член се реизбираат на секои пет години.
(4) Во стручното звање виш библиотекар може да се реизбере лице кое дало стручен придонес во библиотечната дејност (учество и реализација на проекти, стручно истражување, објавување на стручни трудови и публикации и учество на стручни собири од областа на библиотечната дејност), кој може да се изрази со најмалку 150 бодови согласно актот од член 49-а од овој закон.
(5) Во стручното звање библиотекар-советник може да се реизбере лице кое дало стручен придонес во библиотечната дејност (учество и реализација на проекти, стручно истражување, објавување на стручни трудови и публикации и учество на стручни собири

од областа на библиотечната дејност), кој може да се изрази со најмалку 250 бодови согласно актот од член 49-а од овој закон.
(6) По исклучок од став (3) на овој член, лицата од ставовите (1) и (2) на овој член кои имаат уште десет години до остварување на правото на пензија, не подлежат на реизбор.
(7) Стекнувањето на стручното звање е основ за унапредување на стручниот работник во повисоко работно место.

**Постапка за полагање стручен испит и постапка за избор**
**и реизбор во стручни звања**

Член 48

(1) Изборот и реизборот во изборните стручни звања од член 47 од овој закон го врши министерот врз основа на предлог од рецензиона комисија.
(2) Рецензионата комисија е составена од претседател и шест члена кои ги именува министерот со мандат од две години. За претседател и членови на рецензионата комисија може да се именуваат научни работници со звање доктор на науки од областа на библиотекарството или лица со стручно звање библиотекар-советник. При именувањето на претседателот и членовите на рецензионата комисија се води сметка за начелото на соодветната и правична застапеност на припадниците на заедниците во Република Македонија.
(3) Рецензионата комисија:
- утврдува дали лицата ги исполнуваат условите за полагање стручен испит и за избор, односно реизбор во стручно звање утврдени со овој закон и со актот од член 49-а од овој закон;
- го оценува полагањето на стручниот испит од член 47 став (1) од овој закон;
- го врши бодирањето од член 47 став (2) алинеја 2 и ставови (4) и (5) од овој закон и
- доставува до министерот предлог за избор/невршење избор, односно реизбор/ невршење реизбор во стручно звање.

(4) Рецензионата комисија, предлогот од став (3) алинеја 4 на овој член го доставува до министерот во рок од 30 дена од денот на доставување на барањето за избор, односно за реизбор во стручно звање.
(5) Предлогот од ставот (3) алинеја 4 на овој член содржи: биографски податоци за кандидатот, оцена за исполнетоста на условите за избор, односно реизбор во стручно завање, оценка за избор во стручно звање според резултатите од стручниот испит и оценка за избор, односно реизбор во стручно звање согласно со добиените бодови од актот од член 49-а од овој закон.
(6) Постапката за избор и реизбор во стручно звање трае најдолго два месеца.
(7) Министерот во рок од 15 дена од денот на доставување на предлогот од рецензионата комисија донесува решение за избор/невршење избор, односно реизбор/ невршење реизбор во стручно звање.
(8) Против решението од став (7) на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Жалбата не го одлага извршувањето.
(9)Административно-техничките работи за рецензионата комисија ги врши Министерството.”

**Поведување постапка за избор и реизбор во стручно звање**

Член 48-а

(1) Постапка за избор во стручно звање се поведува по барање на заинтересираниот стручен работник.

(2) Доколку стручниот работник не се избере во стручното звање поради неисполнување на условите за избор во стручното звање, има право во рок од шест месеци од денот на донесување на решението за не вршење избор во стручно звање, да достави ново барање за избор во стручно звање.
(3) Постапката за реизбор во стручно звање ја поведува директорот на јавната библиотека, најдоцна во рок од три месеци пред истекот на рокот за реизбор.
(4) Доколку стручниот работник не се реизбере во стручното звање поради неисполнување на условите за реизбор во стручното звање утврдени со овој закон, има право во рок од шест месеци на повторен реизбор, а продолжува со работа на истото работно место со истото стручно звање.
(5) Доколку и по вторпат не биде реизбран, стручниот работник го губи претходно стекнатото стручно звање и во рок од 30 дена со решение на директорот се распоредува на друго работно место во пониско стручно звање од претходно стекнатото стручно звање. Стручниот работник, во рок од шест месеци од денот на распоредувањето на друго работно место во пониско стручно звање, има право да поднесе ново барање за избор во повисоко стручно звање од постојното, во постапка согласно со овој закон.
(6) Против решението од ставовите (4) и (5) на овој член, стручниот работник во рок од 15 дена од денот на прием на решението има право на приговор до управниот одбор на јавната библиотека. Управниот одбор одлучува по приговорот во рок од осум дена од денот на приемот на приговорот.
(7) Против одлуката на управниот одбор може да се изјави тужба во рок од 30 дена од денот на донесување на одлуката на управниот одбор, до надлежен суд. Тужбата не го одлага извршувањето.

**Неизборни стручни звања**

Член 49

(1) Стручните работи во библиотеката ги вршат работници со неизборни стручни звања и тоа:
- библиотекарски помошник, со соодветно средно образование;
- самостоен библиотекарски помошник со соодветно више образование или стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС и
- библиотекар со соодветно високо образование или стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС.

Член 49-а

Министерот ги пропишува соодветноста на видот на образованието и описот на стручните звања во областа на библиотечната дејност, програмата за полагање на стручниот испит, формата и содржината на образците на барањата за избор и реизбор во стручни звања, начинот на полагање на стручниот испит, начинот на вршење избор, односно реизбор во стручни звања и начинот на утврдување на бодовите за избор, односно реизбор во стручните звања.

**Вршење на други стручни работи во библиотечната дејност**

Член 50

Определени стручни работи во областа на библиотечната дејност може да вршат и работници кои имаат научни звања, како и стручни звања во областа на заштитата на културното наследство, архивското работење и музејската дејност и други работници согласно со општиот акт на библиотеката.

## XI НАДЗОР

**Вршење на надзор**

Член 51

(1) Надзор над спроведување на овој закон врши Министерството.

(2) При вршењето на надзорот над работата на органите на општината, министерството ги врши следниве работи:

1. ја следи законитоста на работата на органите на општината и презема мерки и активности и поднесува иницијативи за остварување на надлежностите на општината во согласност со овој закон;
2. оценува дали органите на општината ги обезбедуваат надлежностите на општината да се извршуваат согласно со стандардите и постапките утврдени со овој закон;
3. дава препораки за доследно спроведување на надлежностите на општината во рамките утврдени со овој закон, на барање на органите на општината;
4. ја следи законитоста на решенијата што градоначалникот ги донесува во решавањето на поединечните права при изборот на директорот на библиотеката и
5. навремено ги известува органите на општината за констатираните состојби во нивната работа и за преземените мерки при вршење на надзорот.

(3) Инспекциски надзор над спроведувањето на овој закон врши Министерството преку инспекторите за култура согласно со Законот за културата и Управата за заштита на културното наследство, согласно со Законот за заштита на културното наследство.

## XII ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Прекршоци**

Член 52

(1) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице ако:

1. не врши ревизија на библиотечен фонд (член 22);
2. не води регистар на копии од библиотечни добра (член 29 став (3));
3. јавно не ги објави деновите и часовите за посета и не определи намалени цени за определен вид на посетители, односно не ги ослободи од плаќање на услугите (член 27 ставови (2) и (3)).

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице.

Член 52-а

(1) Глоба во износ од 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:

1. започне да врши библиотечна дејност без решение дека ги исполнува посебните услови за отпочнување со работа за вршење на дејноста (член 8);
2. врши продажба на библиотечен материјал без претходно донесена одлука на Владата на Република Македонија или по различна цена од цената утврдена во одлуката на Владата на Република Македонија (член 16 став (2));
3. не води влезна евиденција, инвентарна книга, основен каталог на библиотечниот материјал и библиотечната документација и друг вид евиденција и документација (член 21);
4. за едно библиотечно добро изработи повеќе од три копии (член 29 став (3).

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице.
(3) За прекршокот од став (1) точка 3 на овој член на правното лице може да му се изрече посебна прекршочна мерка одземање на предмети кои се стекнати со извршување на прекршокот.
5. не поведе постапка за реизбор во стручно звање во рокот утврден со овој закон (член 48-а став (3)).

Член 52-б

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице се врши согласно Законот за прекршоците.

Член 52-в

Министерството за култура за извршените контроли од страна на инспекторите за култура изготвува квартални извештаи кои се објавуваат на веб страницата на Министерството за култура на унифициран квартален преглед.

**Прекршочен орган**

Член 52-г

(1) За прекршоците утврдени во членот 52 на овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува органот на државната управа надлежен за работите од областа на културата (во понатамошниот текст: Прекршочен орган), а за прекршоците утврдени во членот 52-а прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.
(2) Прекршочната постапка од ставот (1) на овој член пред Прекршочниот орган ја води Комисија за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: Прекршочна Комисија), формирана од страна на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата.
(3) Прекршочната комисија е составена од овластени службени лица вработени во органот на државната управа надлежен за вршење на работите во областа на културата, од кои едно ја врши функцијата на претседател на Прекршочната комисија.
(4) Прекршочната комисија е составена од три члена од кои:
-двајца дипломирани правници, од кои еден со положен правосуден испит со пет години работно искуство во својата област и
-еден член со висока стручна подготовка од областа на општествените науки со пет години работно искуство од својата област.
(5)Прекршочната комисија се избира за времетраење од три години со право на реизбор на членовите.
(6)За претседател на Прекршочната комисија може да биде избран само дипломиран правник.
(7)Прекршочната комисија за Прекршочниот орган ја води прекршочната постапка согласно Законот за прекршоците и одлучува за прекршоците утврдени со овој и со друг закон и изрекува прекршочни санкции утврдени со овој закон, Законот за прекршоците и/или со друг закон.
(8)Покрај членовите на Прекршочната комисија министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата може да определи секратар на Прекршочната комисија кој врши административни работи за Комисијата и заменици членови, кои по исклучок, учествуваат во работата на Прекршочната комисија во случај на отсуство на некој од членовите.

(9) Прекршочната комисија донесува деловник за својата работа.
(10) Против одлуката за прекршок што ја донела Прекршочната комисија може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

**Постапка за издавање на прекршочен платен налог**

Член 52 - д

(1) За прекршоците од членовите 52 и 52 – а од овој закон, инспекторот за култура на сторителот на прекршокот ќе му издаде прекршочен платен налог, согласно Законот за прекршоците.
(2) Доколку сторителот го прими прекршочниот платен налог, истиот треба да го потпише. Примањето на прекршочниот платен налог од сторителот на прекршокот се забележува во записникот.
(3) Во записникот од ставот (2) на овој член се утврдува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторениот прекршок.
(4) Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и прекршочниот платен налог го потпишува одговорното лице или од него овластено лице.
(5) Инспекторот за култура е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.
(6) Во евиденцијата од ставот (5) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.
(7) Личните податоци од ставот (6) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.
(8) Министерот ги пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

## XIII ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 53

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, матичните библиотеки основани согласно со Законот за библиотечната дејност (“Службен весник на СРМ” број 17/74, 42/76, 17/84 и 51/88 и “Службен весник на Република Македонија” број 12/93), продолжуваат да работат како јавни библиотеки, основано согласно со овој закон и Законот за културата.

**Основање на Советот**

Член 54

Советот ќе се основа во рок од 30 дена од денот на примената на овој закон.

**Подзаконски акти**

Член 55

(1) Прописите чие донесување е предвидено со овој закон ќе се донесат најдоцна во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.
До денот на влегувањето во сила на општиот акт од членот 2 став (2) на овој закон, ќе се применува Правилникот за определување библиотечен материјал што ќе се смета за споменик на културата и редок библиотечен материјал и за условите и начинот на неговото стручно обработување, заштита, чување и користење (“Службен весник на СРМ” број 8/78).

**Стручни звања**

Член 56

На лицата коишто до денот на примената на овој закон, се здобиле со звање виш библиотекар и библиотекар-советник, согласно со Законот за библиотечната дејност (“Службен весник на СРМ” број 17/74, 42/76, 17/84 и 51/88 и “Службен весник на Република Македонија” број 12/93), здобиените звања им се признаваат.

**Преименување на матичната библиотека**

Член 57

Досегашната Универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”-Скопје, со денот на влегувањето во сила на овој закон, продолжува да работи како национална установа Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски” - Скопје.

**Престанување на постојниот закон**

Член 58

Со денот на примената на овој закон престанува да важи Законот за библиотечната дејност (“Службен весник на СРМ” број 17/74, 42/76, 17/84 и 51/88 и “Службен весник на Република Македонија” број 12/93).

**Влегување во сила на Законот и почетокот на примената на Законот**

Член 59

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, а ќе се применува од денот на конституирањето на советите на општините и на градот Скопје и изборот на градоначалниците на општините и градоначалникот на градот Скопје по спроведувањето на првите наредни локални избори согласно со Законот за локалните избори (“Службен весник на Република Македонија” број 46/96,12/2003, 35/2004, 52/2004 и 60/2004).

**Преодни и завршни одредби од Закони за изменување и дополнувања на Законот за библиотеките**

Член 1

(член 5 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 116/2010)

Подзаконските акти кои се предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 2

(член 4 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/2011)

Подзаконскиот акт предвиден со овој закон ќе се донесе во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

По објавувањето на подзаконскиот акт од ставот 1 на овој член во „Службен весник на Република Македонија “ истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на Министерството за културата .

Член 3
(член 5 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 116/2010)

Постапките за добивање на решение за исполнување на посебни услови за почеток со работа на библиотеката, започнати пред денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат според Законот за библиотеките (“Службен весник на Република Македонија“ број 66/2004, 89/2008 и 116/10).

Член 4
(член 6 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 116/2010)

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, освен одредбите од членот 1 на овој закон, кои се однесуваат на членот 8 став (21) од овој закон и членовите 2 и 3 од овој закон, кои ќе започнат да се применуваат со започнување на примената на Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Член 5
(член 19 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/2015)

Подзаконскиот акт предвиден со овој закон ќе се донесе во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 6
(член 20 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/2015)

(1) На лицата кои до денот на отпочнувањето на примената на одредбите од членовите од 14 до 17 од овој закон, се здобиле со стручно звање согласно Законот за библиотеките („Службен весник на Република Македонија” бр. 66/2004; 89/2008; 116/10 и 51/11), здобиеното звање им се признава согласно овој закон.”
(2) Постапките за здобивање на стручните звања започнати според прописите што важеле пред отпочнувањето на примената на одредбите од членовите од 14,15,16 и 17 од овој закон, ќе се завршат според Законот за библиотеките („Службен весник на Република Македонија” бр. 66/2004; 89/2008; 116/10 и 51/11).

Член 7
(член 21 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/2015)
Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а одредбите од членовите 14, 15, 16 и 17 од овој закон ќе отпочнат да се применуваат од 1 јануари 2016 година.

Член 8
(член 6 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.

152/2015)

Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 9
(член 7 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 152/2015)

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија“.

Член 10
(член 5 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/2016)

Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 11
(член 6 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/2016)

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка, согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка (,,Службен весник на Република Македонија“ број 124/15).